Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19), во врска со поднесеното барања по е-пошта од 21.11.2024 година од Влатко Стојановски од Скопје, Ул. Лајош Кошут бр. 6, Скопје, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Бр.-Nr. 03-7943
11.12.2024 год.-viti
СКОПЈЕ

**РЕШЕНИЕ**

**СЕ ПРИФАЌА** барањето од Влатко Стојановски од Скопје за пристап до информации од јавен карактер.
Му се овозможува на барателот Влатко Стојановски од Скопје да се запознае со содржината на бараната информација со препис во истата.

**Образложение**

Барателот на информацијата - Влатко Стојановски од Скопје на ден 21.11.2024 година до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барање за одговор на следните прашања: „Дали компанијата ЕНГ Сервис Трејд преименувана во Карсзз Траде со матичен број 6968805, имала или се уште има долг кон МЕПСО? Односно, дали МЕПСО имал/има финансиски побарувања кон оваа компанија, и по кој основ? Колку од овие побарувања на МЕПСО кон приватната компанија се наплатен, а колку останале ненаплатен долг заклучно со денес? Какви мерки и чекоти презема МЕПСО за наплата на овој долг? Освен бараните информации, ја барам и писмената кореспонденција меѓу МЕПСО и посочената компанија".
Информацијата ја бараат во форма на електронски запис, по е-маил.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањата одговори позитивно и смета дека бараните податоци се од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

ПРИЛОГ 1: Одговор на бараните прашања

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Doc. dr. Burim Latifi**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но: Барател
Службени лица за посредување со ИЈК
Архива

Одговор на бараните прашања:

Според сметководствената евиденција на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје, правното лице Друштво за трговија и услуги ЕНГ СЕРВИЦЕ ТРАДЕ ДОО Скопје има ненаплатени обврски кон АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје.

Основот на побарувањата се согласно склучените: Договор за балансна одговорност, Договор за пренос на електрична енергија и Договор за алокација на прекугранични капацитети.

Компанијата во 2017 година беше времено суспендирана од пазарот на електрична енергија. Поради неисполнување на условите за учество на пазарот на електрична енергија по истекот на времената суспензија и ненавремено плаќање на долг за преземена електрична енергија, компанијата е суспендирана од пазарот на електрична енергија.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје за целиот долг има поднесено предлози за издавање на нотарски платен налог. По добивањето на правосилност и извршност на Решенијата за издавање на нотарски платен налог за целиот долг се поднесени Барања за извршување.

На 29.03.2022 година Извршителот носи Заклучок за запирање на извршување (врз основа на член 93 од Законот за извршување) спрема должникот Друштво за трговија и услуги ЕНГ СЕРВИЦЕ ТРАДЕ ДОО Скопје, поради тоа што сметката на должникот е затворена согласно чл.13 став 2 од Законот за платниот промет.

Со ова се исцрпени сите правни механизими кои АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје би можело да ги преземе.